UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 11

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 11 VOLUME XI

YEAR 2021

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2021, Issue Number 11**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# Содржина

Газепова Вероника
**ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ** ........ 3

Данилова Валентина
**ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТОТ ЗА СТОРЕНА ШТЕТА НА КЛИЕНТИ И ТРЕТИ ЛИЦА ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО** ........ 11

IADEVAIA Simona
**LE NUOVE FRONTIERE DELLE POLITICHE MIGRATORIE. QUALE TUTELA PER I DIRITTI DEI MIGRANTI?** ........ 23

ЈОВАНОВ Кристијан
**ПРАВНАТА РАМКА НА ДОГОВОРНИОТ ЗАЛОГ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ** ........ 31

МЕМЕДОВИЌ Неџад
САЛИФОСКА Фатима
**ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ** ........ 43

ПАВЛОВА Ирена
**ЗАШТИТЕН СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА** ........ 55

СУРЛОВА Розе
**ЕВТАНАЗИЈА – ДОСТОИНСТВЕНА СМРТ ИЛИ КРИВИЧНО ДЕЛО?** ........ 65

ХАЏИ-НИКОЛОВ Лазар
**АНАЛИЗА НА ПРВОСТЕПЕНАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА** ........ 75

ШКАРИЌ Катица
**ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** ........ 89

**СТУДЕНТСКИ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРОЕКТ** ........ 97

БАГАРОВА Ани
АТАНАСОВА Невенка
**ТРГОВИЈА СО ДРОГА** ........ 99

ЈОВАНОВСКА Кристина
**МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА: ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ, ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА** ........ 111

МАНЧЕВА Сања
**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** ........ 123

МИТРУШЕВА Наташа
**ЗАТВОРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ** ........ 129

МИХАИЛОВА Јована
ПАРИЗОВА Елена
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦА – СТОРИТЕЛИ НА ПОВЕДЕНИЈА ШТО СО ЗАКОН СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР** ........ 135

НАКОВ Иван
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА** ........ 145

НАЦАКОВА Мила
ДИМЕСКА Ангела
**УБИСТВОТО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО** ........ 155

НЕДЕВА Ивана
**КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА КАКО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ** ........ 175

ЧАЛШЕВА Кристина
АНГОВА Анастасија
**ВИДОВИ САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА СОГЛАСНО ЗПД** ........ 195

ШАЛЕВА Корнелија
ТАШКОВА Марина
**ВИКТИМОЛОГИЈА** ........ 205

**МЕХМЕДОВИЌ Нецад**

**САЛИФОСКА Фатима**

**УДК: 364-3-027.564:061.23]:341.123(497.6)**

# ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

**Апстракт:** Трудот под наслов: „Војната во Босна и Херцеговина низ призмата на хуманитарните интервенции и хуманитарната помош на Обединетите нации" претставува анализа на двете надлежности на Обединетите нации (хуманитарна интервенција и хуманитарна помош) со посебен фокус на активностите на ООН за време на војната во Босна и Херцеговина во периодот од 1992 до 1995 година. Важноста на активностите на Обединетите нации ќе биде презентирана преку детален опис на двата поими со нотирање на нивните сличности и разлики. Научниот труд има за цел да ја акцентира улогата што Обединетите нации ја играа во Босна и Херцеговина за време на војната.

**Клучни зборови:** хуманитарна интервенција, хуманитарна помош, Босна и Херцеговина

**MEHMEDOVIC Nedzad**

**SALIFOSKA, Fatima**

**UDK: 364-3-027.564:061.23]:341.123(497.6)**

# THE WAR IN BOSNIA AND HERZEGOVINA THROUGH THE PRISM OF THE HUMANITARIAN INTERVENTIONS AND HUMANITARIAN AID OF THE UNITED NATIONS

**Abstract:** The paper titled: "The war in Bosnia and Herzegovina through the prism of the humanitarian interventions and humanitarian aid of the United Nations" presents an analysis of the two competencies of the United Nations (humanitarian intervention and humanitarian aid) with a special focus of the UN activities during the war in Bosnia and Hercegovina in the period from 1992 to 1995. The importance of the activities of the United Nations will be presented through a detailed description of the two terms by noting their similarities and differences. The scientific paper aims to emphasize the role that United Nations has played in Bosnia and Hercegovina during the war.

**Keywords:** humanitarian intervention, humanitarian aid, Bosnia and Hercegovina

## ВОВЕД

Обединетите нации се една од најважните организации која пружа помош и спроведува активности во случаи на криза и вонредни состојби. Тие спроведуваат различни активности со цел за трајно решавање на настанатите состојби. Најчесто

кризите се решаваат со обезбедување на хуманитарна помош која подразбира материјална и логистичка помош на општествата погодени со кризната состојба. Освен обезбедувањето на хуманитарна помош, Обединетите нации се овластени да преземаат и хуманитарни интервенции.

Овој научен труд има цал да ја опише улогата на Обединетите нации во решавањето на кризни и вонредни ситуации во употребата на две различни активности: хуманитарните интервенции и хуманитарната помош. Во него ќе бидат објаснети поимите како и деталните активности, при што ќе бидат нагласени нивните сличности и разлики.

Во продолжение ќе биде опишан конкретен пример за хуманитарна помош и хуманитарна интервенција која бил спроведена од страна на Обединетите нации при војната во Босна и Херцеговина од 1992 до 1995 година.

Основната улога на Обединетите нации во кризите се поврзува со нејзината функција да допринесе на зачувување на светскиот мир и безбедност, односно да посредува, арбитрира и олесни надминувањето на сериозните меѓудржавни и меѓунардони проблеми, вклучувајќи ги и политичките кризи и воени конфликти.[1]

Во рамки на решавањето на кризите, вонредните состојби и катастрофи, една од улогите на ООН е управувањето со меѓународните партнерства и промоција на мултилатералната соработка. Обединетите нации се одговорни за создавање на средина која промовира превенција и хуманитарна акција во случај на катастрофа. Организацијата се ангажира во поддршката и имплементацијата на акции во погодените земји како би се намалиле ризиците и последиците од вонредните и кризни ситуации.

Заради остварување на една од своите основни цели, т.е. за зачувување на мирот и сигурноста во светот, Обединетите нации имаат широки овластувања кои вклучуваат формирање и ангажирање на воени единици под знамето на Обединетите нации, така наречени сини шлемови, предвидени со Повелбата на ООН, во случаи кога е загрозен светскиот мир. На тој начин, со одлука на Советот за безбедност на ООН може да се формираат мисии заради остварување на мир помеѓу завојуваните страни (*peacemaking*), или пак заради зачувување на мирот (*peacekeeping).*[2]

ООН ги решава кризите во вид на хуманитарна помош која ја остварува во соработка со другите организации, како што е Црвениот крст. Тие им пружаат помош на сиромашните, гладните, бегалците, болните и други категории на граѓани. Хуманитарната помош ја остваруваат преку: обезбедување на храна, вода за пиење, сместување, како и други хуманитарни потреби за општествата погодени со глад, војна или пак друг вид на катастрофа.

Своето хуманитарно делување ООН го спроведува со помош на своите специјализирани агенции и тела чија основна улога е да обезбедат помош на луѓето на кои истата им е потребна. Тие агенции се следни: Светска здравствена организација, Светска програма за храна, Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, Програмата за развој на Обединетите нации, Организација за храна и земјоделство, како и Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци.[3]

## Хуманитарна интервенција

Поимот „интервенција” води потекло од латинскиот збор *intervenire* („дојди

[1] Кековић, З., Системи безбедности. Београд: Универзитет у Београду, Факултет безбедности . 2011.
[2] Ибид.
[3] Humanitarian Agencies that Operate in the Field, https://www.un.org/en/collection/29/7832 , пристапено на 10.12.2020 г.

помеѓу“) и лексички има потполно неутрално значење.[4] Меѓутоа во пракса не е така. Интервенцијата според меѓународното право означува нелегитимна активност.

Поимот „интервенција” и атрибутот „хуманитарна” во теорија и пракса различно се дефинира. Една од дефинициите на поимот „интервенција” е дека таа претставува „инструмент на надворешната политика кој се применува од страна на надмоќните држави кога нивната моќ не успева да ја помести одредената држава во посакуваниот правец.”[5]

Основни елементи на интервенцијата се следни: мешање во внатрешните работи на другите држави или нивните меѓусебни односи; непостоење на согласност на тие држави за таквите активности; стратегијата, т.е. целта на тие активности е одржување или менување на постоечката состојба во државите изложени на интервенција; интервенцијата секогаш се манифестира со некој облик на сила.[6]

Хуманитарната интервенција различно се дефинира. Според една многу потесна дефиниција под хуманитарна интервенција се подразбира само употребата на оружје за заштита на државјаните на државите против кои се интервенира, во случаи само кога интервенцијата се презема без одобрување на ООН. Според друга поширока дефиниција под хуманитарна интервенција се подразбира употреба на принудни мерки заради заштита на лица без оглед на нивното државјанство и независно од тоа дали постои одобрување од ООН. Според најшироката дефиниција, под хуманитарна интервенција се подразбира и акција  на пружање на хуманитарна помош чиј опстанок зависи од таа помош.[7]

Хуманитарната интервенција може да се дефинира како употреба на вооружените сили од страна на држава или меѓународна организација против некоја друга држава без нејзина согласнот заради спречување или стопирање на сериозно и масовно кршење на човековите права на кои се изложени граѓаните на државата против која се интервенира, независно дали се случува во мир или во вооружен судир и независно од тоа дали интервенцјата е одобрена од страна на ООН.[8]

Хуманитарната интервенција има неколку основни елементи и карактеристики кои можат да се најдат во поголемиот дел од дефенициите на овој поим. Без овие елементи не може да стане збор за хуманитарна интервенција од сличен вид. Тие елементи се: начин на спроведување; субјекти; причини за преземање на интервенција; корисници; непостоење на согласнот на државата против која се интервенира; постоење или непостоење на одобрение од ООН.[9]

Хуманитарната интервенција се карактеризира со отсуство на согласност на државата против која се интервенира. Само доколку за интервенцијата не постои согласност од државата во која се интервенира, тогаш може да стане збор за хуманитарна интервенција. Доколку постои согласност од другата држава тогаш станува збор за друг поим на интервенција во согласност со државата. Уште една од карактеристиките на хуманитарната интервенција е тоа што за нејзиното преземање е небитно дали постои согласност од ООН или не. Меѓутоа во зависност од тоа се разликуваат и видовите на хуманитарната интервенција. Доколку за хуманитарната интервенција постои одобрување на Советот за безбедност на ООН, но и на други меѓународни организации

---

[4] Intervenire, https://www.latin-is-simple.com/en/vocabulary/verb/4602/, пристапено на 10.12.2020 г.

[5] Otte, T.G., Military Intevention: From Gunboat Diplomacy to  Humanitarian Intervention. Aldershot-Singapore-Sydney, 1995.

[6] Вучинић, З., Међународно јавно право. Београд: Факултет безбедности, Универзитет у Београду, 2013.

[7] Scheffer, D., Toward a Modern Doctrine of Humanitarian Intervention, University of Toledo Law Review, vol. 23, no. 2., 1992.

[8] Савић, С. (2007).,  Међународно право и хуманитарна интервенција. Библид, vol. LIX, бр. 1: 5-48.

[9] Ибид.

и држави, постои одобрена хуманитарна интервенција, но доколку не постои, тогаш се работи за неодобрена хуманитарна интервенција или унилатерална-еднострана интервенција.[10]

Повелбата на ООН регулира голем број на прашања кои се однесуваат на употребата на сила во меѓународните односи. Таа забранува закана на сила и употреба на сила во меѓународните односи; го утврдува правото на индивудуална и колективна самоодбрана на државата во случај на вооружен напад; и го утврдува правото, обврските и надлежностите на Советот за безбедност за овие прашања.[11]

Советот за безбедност има овластување да одобри употреба на вооружени сили против држави кои се закануваат на мирот, го загрозуваат мирот или вршат акт на агресија и Советот е тој кој ги одредува причините за спроведување на хуманитарната интервенција, односно тој ги утврдува причините за спроведување на хуманитарната интервенција и дали постојат причини за сериозно кршење на човековите права на териториите на државите.

Обединетите нации во најголем дел ги спроведувале хуманитарните интервенции по завршувањето на Студената војна. Во тек на 90-те години на минатиот век спроведени се воени интервенции од хуманитарни причини. Голем дел нив се спроведени во спротивност со волјата на владите на државите во кои биле спроведени.[12] Најзначајни хуманитарни интервенции во поновиот период се интервенциите во Сомалија, Руанда, Сиера Леоне, Хаити, Либија, Ирак и земјите од поранешна Југославија.

**Хуманитарна помош**

Хуманитарната помош во поширока смисла подразбира пружање на материјална помош на луѓето на кои тоа им е потребно во кризни ситуации, односно во текот и по природни и техничко-технолошки катастрофи. Помошта е најчесто во вид на храна, вода, медицински средства, облека и обувки и друго. Хуманитарната помош се однесува на ефективни активности насочени кон обезбедување и примање на краткорочна материјална и логистичка помош како одговор на итните потреби во кризните подрачја за живот.[13]

Со основањето на Обединетите нации и делувањето на Црвениот крст, хуманитарната помош станува дел на меѓународното право и денес делува врз неговите основни принципи и вредности. Едни од најважните документи на Обединетите нации, покрај Повелбата се: Универзалната декларација за човекови права, Конвенцијата за превенција и казнување на геноцидот и четирите Женевски конвенции. Со овие четири документи меѓународната помош се прошири и зајакна, па така денес има за цел не само да дава помош на жртвите на вооружените судири, туку и да помага во сите кризни и вонредни состојби.

Хуманитарната помош во изминатите години е присвоена од страна на голем број невладини и хуманитарни организации. Денес се повеќе има ваков вид на организации бидејќи се повеќе има потреба од пружање на хуманитарна помош на луѓето кои се погодени со се почести природни и техничко-технолошки несреќи и катастрофи.[14] Денес постојат стотици невладини организации и хуманитарни

---

[10] Ocran T.M., The Doctrine of Humanitarian Intervention in Light of Robust Peacekeeping. Boston College International and Comparative Law Review, vol. 25, Winter 2002, no. 1, p. 9.

[11] Повелба на Обединетите нации.

[12] Искра, В., Хуманитарна интервенција. Правник, 39, 2 (81): 47-88, 2005.

[13] Лукић Крстановић, М., Хуманитарне акције у фокусу наратива: тржиште емпатије и интереса. Београд: Ентографски институт САНУ, 2013.

[14] http://www.odi.org/uk/hpg/publications/ Пристапено на 10.12.2020 г.

организации на национално и меѓународно ниво кои пружаат различни видови на хуманитарна помош.

Хуманитарната помош подразбира спроведување на активности кои тежнеат кон воспоставување на нормалната состојба во една хуманитарна криза. Тие активности се однесуваат на материјално снабдување, здравствена заштита, почитување на човековите права, па се до иницијатива за помош во пост-конфликтна реконструкција на загрозеното подрачје, изградба на институциите и помош во идниот развој на тоа подрачје.

Под хуманитарна помош денес се подразбира пружање на помош на сите оние на кои тоа им е потребно, а како одговор на хуманитарната криза. Примарна цел на хуманитарната помош е спасување на живот, ублажување на страдањата и одржување на човековото достоинство. Хуманитарната помош почива на хуманизмот, праксата и филозофијата која се потпира на неколку основни вредности како што се: солидарност, симпатија према жртвите, и антипатија спрема угнетувачите и експлоататорите.[15]

Основните вредности на хуманитаризмот се потпираат на атрибутот „хуманитарен". Зборот „хуманитарен" секогаш се употребува во позитивна смисла, покажувајќи намера да се помогне на некој во неволја. Оној кој презема хуманитарна активност поднесува одредена жртва како би пружил помош на унесреќените луѓе. Некогаш постои должност на одредени субјекти да преземат одредени активности, како што е случајот со Меѓународниот комитет на Црвениот крст, националните организации на Црвениот крст, како и медицинскиот персонал. Меѓутоа, многу често хуманитарните активности се преземаат од страна на оние луѓе или субјекти кои немаат правна основа за работа, туку на тоа ги тера чувството на човечност.[16]

Хуманитарната помош се пружа во вонредни состојби, природни и техничко-технолошки и други кризи и катастрофи, при што подразбираат преземање на неколку активности.

Хуманитарните активности вклучуваат: пружање помош, заштита и финансиска помош – операции за спасување и заштита во хуманитарни кризи или непосредно по кризите; обезбедување на пристап – активност со цел да се обезбеди или добие пристап до луѓето во неволја и непречен ток на помош на луѓето на кои истата им е потребна во тек на вонредна ситуација или кога е потребна поддршка на локалните институции за заштита и спасување; унапредување, приправност и намалување на ризиците – операциите имаат за цел да го унапредат развојниот капацитет на локалните субјекти како би го спречиле и ублажиле влијанието на вонредните случувања и овозможиле на заедниците да ја зголемат својата подготвеност за реакција во вонредни состојби.[17]

Хуманитарните активности може да се групираат и на основа на волуменот и тоа на: активности со помала големина – се фокусираат на обезбедување на основните потреби и најчесто се краткорочни и се спроведуваат по кризите; активности со средба големина – опфаќаат не само помош во вонредна состојба, туку и активности кои имаат за цел да се рехабилитира населението и областите погодени со вонредното случување, како и да се направат подготовки за враќање на нормалните услови за живот; активности со најголем обем – вклучени се сите активности, од давањето на

[15] Deliver Humanitarian Aid, https://www.un.org/en/sections/what-we-do/deliver-humanitarian-aid/, 10.12.2020 г.

[16] Раичевић, Н., Хуманитарна интервенција у међународном јавном праву- докторска дисертација. Ниш: Универзитет у Нишу, Правни факултет, 2008.

[17] Davey, E., Borton, J., Foley, M., A history of the humanitarian system, Western origins and foundations. London: HPG Working Paper, Overseas Development Institute, 2013.

непосредна помош, преку рехабилитацијата, до реконструкцијата и развојот на погодените региони.[18]

Хуманитарната помош и хуманитарните активности се засноваат на неколку принципи кои ја издвојуваат хуманитарната акција од другите облици на помош. Основни хуманитарни принципи на кои почива хуманитарната помош се следни: принцип на хуманост, принцип на независност, принцип на аполитичност, принцип на непристрасност, принцип на неутралност и принцип на универзалност.[19]

Целта на хуманитарната помош е да го заштити животот и здравјето на луѓето врз почитување на нивното достоинство. Тие кои пружаат хуманитарна помош не треба да учествуваат во непријателства или да бидат вклучени во политички, расни, религиозни или идеолошки конфликти. Хуманитарните активности се обезбедуваат кога постои потреба, при што приоритет имаат најитните случаи каде што нема поделни на националност, раса, пол, религија, класа, политичка определба или кој било друг основ на дискриминицаија. Активностите мора да бидат независни од политичките, воените, или други влијанија кои може да ја загрозат способноста на давателот на помош да делува во склад со хуманитарните принципи.[20]

Хуманитарните принципи се од голема важност за хуманитарните организации бидејќи им овозможуваат пристап до загрозените региони. Промовирањето на усогласеноста со хуманитарните принципи е од суштинско значење како ефективно би се координирала хуманитарната помош. Хуманитарните организации имаат за задача стриктно да се придржуваат до овие принципи, иако во пракса тоа не е секогаш така. Меѓународниот комитет на Црвениот крст е организација која е позната по придржувањето на овие принципи, па така членовите на овие организации влеваат највисока доверба и имаат најширок пристап до загрозените региони.[21]

Хуманитарната помош Обединетите нации ја спроведуваат преку своите специјализирани агенции и тимови чија работа ја координира Канцеларијата за координација и хуманитарна помош. Оваа канцеларија е дел на системот на ООН и таа е одговорна за координација на вонредните и други кризни ситуации. Таа овозможува соработка помеѓу владата, невладините организации и агенциите на ООН.[22]

## Интервенцијата на Обединетите нации во Босна и Херцеговина

Почетокот на конфликтот на подрачјето на поранешна Југославија започнува во 1991 година кога дел од земјите членки прогласија независност. [23]Како последица на овие одлуки за кратко време започнаа вооружените судири кои за брзо време прераснаа во војна.

На почетокот на војната Европската заедница имаше водечка улога за смирување на состојбите, но штом не беше постигнато примирје се вклучи Советот за безбедност на ООН кој ја донесе Резолуцијата 713 во која се истакнува загриженоста за состојбите

---

[18] Ибид., стр.

[19] Дулић, Д. (2007). Етика и политика хуманитарне помоћи. Београд: Факултет безбедности Универзитета у Београду, 2007.

[20] Ибид.

[21]http://www.icrc.org/eng/resources/documents/statement/humanitarian-principles-statement-121007.htm/ Пристапено на 20.12.2020 г.

[22] Дулић, Д., Етика и политика хуманитарне помоћи. Београд: Факултет безбедности Универзитета у Београду, 2007.

[23] Хрватска и Словенија прогласија независност на 25 јуни 1991 година, Македонија на 8 септември 1991, додека Босна и Херцеговина на 3 март 1992 година. Види: „Хронологија на распадот на СФРЈ" www.dw.com/mk/хронологија-на-распадот-на-сфрј/а-5873024-0

кои би можеле да го нарушат меѓународниот мир и безбедност.[24]

Веднаш по прогласувањето на независноста државите од поранешна Југославија побараа прием во ООН. На почетокот на војната Босна и Херцеговина станува средиште на најголемите воени дејствија по Втората светска војна на тлото на Европа. На нејзината територија се прават масовни убиства, силувања, се отвараат концетрациони логори како дел од етничкото чистење. Со оглед на тоа што голем дел од тие злочини биле потпомогнати од СР Југославија, Советот за безбедност на Обединетите нации одлучи да наметне широки санкции врз СР Југославија.[25]

Вооружениот судир во Босна и Херцеговина беше многу комплексен бидејќи имаше карактер на меѓународен и немеѓународен судир, но и судир од верски карактер бидејќи сите три страни на судирот беа од различна верска припадност. Овој судир го карактеризираа бројни злочини, неселективни напади на цивилното население и цивилните објекти, измачување на цивилното население, опсада на градовите во кои се наоѓаа изгладнети цивили, силувања, како и други нехумани постапки со воените заробеници. За војната во Босна и Херцеговина често се користи терминот "етничко чистење" кој во основа претставува елиминација на членови на една етничка група со нивно убивање или насилно протерување од страна на друга етничка група под чија контрола во моментот се наоѓа посочената територија.[26]

Хуманитарната интервенција во Босна и Херцеговина е одобрена од низа резолуции на Советот за безбедност (770,776,781,816,819,824,236) и истата подразбира вклучување на дејствија на засегнатите страни, како и на посебно оформени сили на ОН, како што беше УНПРОФОР.[27][28]

Во Резолуцијата 770 од 13 август 1992 година, Советот за безбедност ја афирмира потребата за хуманитарна интервенција на територијата на Босна и Херцеговина поради следните цели: итно политичко решавање на ситуацијата како би се овозможило да на нејзината територија луѓето живеат во мир и сигурност во рамки на нејзините граници; почитување на суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на Босна и Херцеговина; пружање на меѓународна хуманитарна помош со цел за враќање на меѓународниот мир и безбедност во тоа подрачје; намалување на страдањата на луѓето, ставање крај на злоставувањето на притворените цивили во логорите, затворите и центрите за притвор и овозможување на испорака на хуманитарна помош таму каде што е потребно.[29]

Во склад во поглавјето VII од Повелбата на ООН, Советот за безбедност се обрати до државите за да поединечно или по пат на регионални организации ги преземат сите потребни мерки за помош и координатија со ООН и се олесни испораката на хуманитарна помош на цивилното население на територијата на Босна и Херцеговина. Резолуцијата 770 преставува прв документ во праксата на хуманитарните интервенции на ООН со кои ги овластуваат државите да употребат сила со цел за решавање на хуманитарната криза.[30]

Резолуцијата 770 подразбираше распоредување на повеќе илјади НАТО војници

[24] Резолуција 713.

[25] Ибид.

[26] Ethnic Cleansing, https://www.un.org/en/genocideprevention/ethnic-cleansing.shtml, Пристапено на 20.10.2020 г.

[27] UN Documents for Bosnia & Herzegovina, https://www.securitycouncilreport.org/un-documents/bosnia-herzegovina/, пристапено на 20.12.2020 г.

[28] УНПРОФОР или сили на заштита на Обединетите нации биле првите мировни сили на ООН во БИХ за време на војната. Биле формирани во февруари 1992 година, со мандат до март 1995 година.

[29] http://www.nato.int/ifor/un/u920813a.htm Пристапено на 20.12.2020 г.

[30] http://www.nato.int/ifor/un/u920813a.htm , пристапено на 20.12.2020 г.

на територијата на Босна и Херцеговина заради заштита на хуманитарните конвои, но во пракса сепак истото беше сведено на проширување на мандатот на УНПРОФОР за заштита на хуманитарните испораки и транспорт на ослободените заробеници. Проширениот мандат го вршеа силите на УНПРОФОР II, кои беа овластени да ги преземат сите неопходни мерки во извршувањето на тој мандат. Иако сите сили имаа можност да употребат сила, тие тоа сепак не го спровеле во пракса.[31]

Неуспешното и недоволното делување на овие сили на ООН, односно и понатамошното не решавање на хуманитарната криза во Босна и Херцеговина доведе до усвојување на нова Резолуција 781 во Советот за безбедност на 9 октомври 1992 година. Во оваа Резолуција беше истакнато следното: забранети се воени летови во воздушниот простор на Босна и Херцеговина. Оваа забрана не се однесува на летовите на заштитените сили на ООН или пак на други летови за поддршка на операциите на Обединетите нации, вклучувајќи ја и хуманитарната помош.[32]

Освен што со Резолуција 781 се воведе зона на забранети летови, таа им овозможи и на државите членки поединечно или пак преку регионалните организации ги преземат сите неопходни мерки во воздушниот простор на Босна и Херцеговина во случај на идни кршења на забраната на летови. Ова во пракса го спроведуваа воздушните сили на НАТО кои преземаа серија бомбардирања и други воении акции против позициите на босанските Срби при секое кршење на забраната.[33]

Чекор напред во понатамошното решавање на кризата претставува новата резолуција на Советот за безбедност. Со Резолуцијата 819 се прогласува градот Сребреница за заштитна зона. Еден месец подоцна донесена е нова резолуција со која Сараево, Бихаќ, Тузла, Жепа и Горажде се исто така прогласени за заштитни зони. Оваа резолуција подразбираше забрана на вооружен или друг непријателски акт против овие зони.[34]

Подоцна е донесена и нова, Резолуцијата 836 со која УНПРОФОР добива поголеми овластувања во заштита на овие зони. Според новата резолуција УНПРОФОР добива можност да возврати на нападите на заштитените зони, да го следи прекинот на огнот, да работи на повлекување на воените и паравоените единици и ги завземе клучните пунктови на таа територија. Покрај тоа, УНПРОФОР добива мандат да делува во самоодбрана и ги превземе сите мерки, вклучително и потребата на сила како одговор на бомбардињата на заштитените зони од било која страна или од вооружени напади на нив.[35]

На почетокот на февруари 1994 година се случи инцидент на пазарот во Сараево за кој се обвинети босанските Срби. Опсадата на Сараево која ја спроведуваа единиците на ЈНА[36], а подоцна и силите на војската на Босанските Срби кулминираше со нападот на сараевскиот пазар „Маркале". Овој напад е наречен масакар на Маркале, каде во два различно минофрлачки напади на пазарот животот го загубија недолжни граѓани на Сараево.[37]

По овој напад НАТО започна со операција која имаше за цел да ја намали воената моќ на војската на Република Српска. Веќе на 14 март 1994 година НАТО изврши

---

[31] Макс, Б., Спирос, И., Интервенционизам УН 1991-2004. Београд: Завод за уџбенике,2010.

[32] http://www.nato.int/ifor/un/u921009a.htm /, 20.12.2020 г.

[33] ИБИД.

[34] UN Documents for Bosnia & Herzegovina, https://www.securitycouncilreport.org/un-documents/bosnia-herzegovina/, пристапено на 20.12.2020 г.

[35] http://www.nato.int/ifor/un/u930604a.htm / , пристапено на 20.12.2020 г.

[36] Југословенска народна армија.

[37] Dvadeset godina od masakra na Markalama, https://www.slobodnaevropa.org/a/dvadeset-godina-od-masakra-na-markalama/25254378.html, пристапено на 20.12.2020 г.

воздушен напад на положбите на српската артилерија во околината на Сараево, за да подоцна, во април истата година ги нападне и позициите на српската војска во околината на Горажде. Напади биле спроведувани и во текот на ноември 1994 година и мај 1995 година кога српската војска повторно ја позиционираше својата артилерија во околината на Сараево. Како резултат на тоа НАТО повторно одговори со воздушни напади, додека српските единици за заштита од тие напади ги користеле заробените припадници на УНПРОФОР кои им служеле како жив штит од нападите.[38]

Во јули 1995 година се случи најголемото злосторство на територијата на Европа по Втората светска војна. Во геноцидот во Сребреница над 8000 Бошњаци беа убиени од страна на воените единици на босанските Срби.[39] Резолуцијата 819 со која Сребреница беше прогласена за заштитена зона не беше испочитувана, при што мировните единици на ООН ја оставија зоната незаштитена и во немилост на српските сили за непречено спроведување на геноцидот.[40]

Во номври 1995 година завршува опсадата на Сараево и целокупното војување на просторот на Босна и Херцеговина со потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор во декември истата година.[41] Со Дејтонскиот договор се одреди на Советот за безбедност и страните во спорот да се донесе нова резолуција која ќе го осигура спроведувањето на истиот, односно одржување на траен мир. За таа цел се донесени уште две резолуции, 1031 и 1088.[42]

## ЗАКЛУЧОК

Хуманитарната интервенција и хуманитарната помош претставуваат два различни пристапи и начини за решавање на кризните и вонредни ситуации како посебни состојби во општеството.

Хуманитарната помош претставува ненасилна акција во која се пружа различни видови на помош како на пример: снабдување со вода, храна, лекови, медицинска и психолошка помош и слично. Со хуманитарната помош се помага на жителите кои се погодени со некоја хуманитарна катастрофа. Во секоја вонредна и кризна состојба во која се загрозени луѓето, нивното здравје, живот, материјални добра потребно е пружање на некаков облик на помош. Целта на помошта е да се намалат негативните влијанија на овие состојби на општеството и овозможување на основните услови за живот на најзагрозените жители со цел враќање на првобитната состојба пред кризата. Хуманитарната помош има за цел да ги ублажи човековите страдања без дискриминација и во склад со принципите на неутралност, непристрасност и солидарност.

Хуманитарната интервенција претставува насилна акција која се спроведува заради хуманитарни причини во состојба кога на одредена територија постои значајно кршење на основните човекови права. Советот за безбедност на Обединетите нации го

---

[38] Искра, В., Хуманитарна интервенција. Правник, 39, 2 (81): 47-88, 2005.

[39] Прелиминарниот список на исчезнати или загинати во Сребреница составен од федералната комисија на БиХ содржел 8.372 имиња. Во 2004 година Меѓународниот суд за воени злосторства во поранешна Југославија (МСПЈ) едногласно пресудил дека масакрот во Сребреница бил геноцид.

[40] 'Srebrenica is the greatest failure in human history', https://www.aa.com.tr/en/europe/srebrenica-is-the-greatest-failure-in-human-history/1526473, пристапено на 20.12.2020 г.

[41] Дејтонски мировен договор е постигнат на Воената база Рајт-Патерсон во близина на Дејтон, Охајо, САД, на 1 ноември 1995 година. Завојуваните страни се согласиле на мир и за една суверена држава позната како Босна и Херцеговина составена од два дела, Република Српска со претежно српско население и хрватско-бошњачката Федерација на Босна и Херцеговина.

[42] Искра, В., Хуманитарна интервенција. Правник, 39, 2 (81): 47-88, 2005.

има единственото дискреционо право да употребни сила за решавање на кризната состојба и обезбедување на траен мир и сигурност. За извршување на хуманитарна интервенција не е потребна согласност од државата на чија територија истата се спроведува и на која има вооружен судир. Таа има за цел да го заштити делот од популацијата чии човекови права се загрозени од страна на владата или пак одредени вооружени групи.

Во теорија и пракса често за акцијата за пружање на помош погрешно се употребува термиот хуманитарна интервенција. Причина за погрешното толкување на овие два поими е фактот што терминот хуманитарна интервенција асоцира на напорите кои во услови на вонредна состојба ги задоволуваат хуманитарните потреби на популацијата која е погодена со недостаток на храна, лекови и други потребни средства.

Целите на хуманитарната помош и хуманитарната интервенција се различни. Целта на хуманитарната помош е да се помогне на жртвите во кризна состојба, без дискриминација, и без употреба на вооружени средства против било кој дел на населението. Хуманитарната интервенција од друга страна се карактеризира со употреба на вооружени сила која има за цел да го заштити делот од населението чии човекови права се игнорирани или загрозени од страна на некоја група или влада. Хуманитарната интервенција можат да ја спроведат само државите или меѓународните организации, додека хуманитарната помош може да ја спроведат различни субјекти.

Легалноста на хуманитарната помош не се доведува во прашање бидејќи таа претставува ненасилна акција со хумана цел. Од друга страна легалноста на хуманитарните интервенции и понатаму е под знак прашалник, при што ова е една од најбитните разлики помеѓу двата поими.

Денес се отворени многубројни прашања во однос на хуманитарната интервенција, пред сѐ во нејзината морална оправданост бидејќи се однесува на употреба на сила. Низ историјата секоја хуманитарна интервенција која била спроведена од страна на Обединетите нации предизвикале низа реакции засновани врз искуствата на нивните актери. Најголемите реакции се во однос на тоа дали досегашните хуманитарни интервенции навистина се спроведувале на основа на хуманитарни причини, како и реакции кои се однесуваат на оправданите цели за употреба на сила.

Преку конкретните примери на хуманитарната помош и хуманитарни интервенции кои ги спроведувале специјализираните агенции на Обединетите нации се доаѓа го заклучок дека постојат значајни разлики помеѓу овие два вида на активности. Иако во некои сегменти хуманитарната интервенција може да се преклопи со активностите на хуманитарната помош, таа сепак претставува засебна и крајна активност којашто треба да се спроведе во одредена држава или територија.

Интервенцијата во Босна и Херцеговина преставува специфичен пример на хуманитарна интервенција која имаше две цели. Првата беше да ја запре суровоста во земјата, другата беше да ги натера босанските Срби да го прифатат примирјето. Ситуацијата во БИХ ја покажа подготвеноста на Советот за безбедност да одобри употреба на сила за хуманитарни цели. Друга специфика на хуманитарната интервенција во БИХ е тоа што Советот за безбедност не овласти само една држава, како во случајот со Руанда, туку ги овласти сите заинтересирани држави да можат поединечно или во склоп на регионални организации преземат мерки за остварување на хуманитарните цели.

Денес се смета дека хуманитарната интервенција на Обединетите нации не успеала во сите свои цели да допринесе за мир и да го намали бројот на жртви во Босна и Херцеговина. Сепак, таа успеала во дел од своите цели, пред сѐ во испораката на

хуманитарна помош на загрозеното население, како и за остранување на опсадата на Сараево.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Вучинић, З., Међународно јавно право. Београд: Факултет безбедности, Универзитет у Београду, 2013.

Davey, E., Borton, J., Foley, M., A history of the humanitarian system, Western origins and foundations. London: HPG Working Paper, Overseas Development Institute, 2013.

Дулић, Д., Етика и политика хуманитарне помоћи. Београд: Факултет безбедности Универзитета у Београду, 2007.

Искра, В., Хуманитарна интервенција. Правник, 39, 2 (81): 47-88, 2005.

Кековић, З., Системи безбедности. Београд: Универзитет у Београду, Факултет безбедности . 2011.

Лукић Крстановић, М., Хуманитарне акције у фокусу наратива: тржиште емпатије и интереса. Београд: Ентографски институт САНУ, 2013.

Макс, Б., Спирос, И. (2010). Интервенционизам УН 1991-2004. Београд: Завод за уџбенике.

Ocran T.M., The Doctrine of Humanitarian Intervention in Light of Robust Peacekeeping. Boston College International and Comparative Law Review, vol. 25, Winter 2002, no. 1, p. 9.

Otte, T.G., Military Intevention: From Gunboat Diplomacy to  Humanitarian Intervention. Aldershot-Singapore-Sydney, 1995.

Раичевић, Н., Хуманитарна интервенција у међународном јавном праву- докторска дисертација. Ниш: Универзитет у Нишу, Правни факултет, 2008.

Савић, С. (2007).,  Међународно право и хуманитарна интервенција. Библид, vol. LIX, бр. 1: 5-48.

Scheffer, D., Toward a Modern Doctrine of Humanitarian Intervention, University of Toledo Law Review, vol. 23, no. 2., 1992.

United Nations., The Essential UN, UN, 2018.

United Nations, Basic facts about the United Nations, United Nations, New York, 2000.


**Други извори**


Anadolu agency https://www.aa.com.tr/en/europe/srebrenica-is-the-greatest-failure-in-human-history/1526473

International committee of red cross www.icrc.org/eng/resources/documents/statement/humanitarian-principles-statement-121007.htm/

НАТО www.nato.int

Odi.org http://www.odi.org/uk/hpg/publications/

Повелба на Обединетите нации https://www.un.org/en/about-us/un-charter

Радио слободна европа https://www.slobodnaevropa.org/a/dvadeset-godina-od-masakra-na-markalama/25254378.html

Security Council Report https://www.securitycouncilreport.org/un-documents/bosnia-herzegovina/

Web page of the United Nations https://www.un.org/en

Хронологија на распадот на СФРЈ www.dw.com/mk/хронологија-на-распадот-на-сфрј/a-5873024-0